РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1812/8
20-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1812/1 од 23.04.2026 година, оформен по наводи за сомневање за незаконитости на спроведена постапка за оценка и одбрана на докторски труд на Универзитетот „ ------- ----------" --------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што за предметните наводи и пријавените дејствија постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-1812/1 од 23.04.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 23.04.2026 година, доставена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости на спроведена постапка за оценка и одбрана на докторски труд на Универзитетот „ ------- ----------" --------, по што оформен е предмет број 12-1812/1 од 23.04.2026 година.
Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за сторена повреда на член 23 и член 24 од Правилникот за запишување и студирање на трет циклус на академски студии - докторски студии на Универзитетот„ ------- ----------" -------- со што се довело во прашање законитоста и кредибилноста на целата постапка за оценка и одбрана на докторскиот труд на кандидатот ----- ----------- на факултетот за медицински науки при Универзитетот „ ------- ----------" --------.
Доставената пријава била доставена на постапување и до други државни органи, а од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно нејзините надлежности.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК се обрати до државните органи до кои била доставена пријавата и побара информација за тоа дали и како е постапено по истата, со достава на прилог документација. Во законски утврдениот рок доставени се бараните информации и документи и по разгледување на истите констатирана е следната фактичка состојба:

Министерството за образование и наука на РСМ извести дека Државниот просветен инспекторат на РСМ веќе постапил по добиена пријава која што ги содржела истите пријавени наводи и на ден 07 и 08.05.2026 година бил спроведен вонреден инспекциски надзор над Школа за докторски студии---------- -- Универзитет „ ------- ----------“ -------- - факултет за медицински науки. Целта на инспекцискиот надзор била проверка на документацијата и законитоста на спроведената постапка за оценка и одбрана на докторски труд на кандидатот ------ --------------- за упис во трет циклус на студии на предметниот Универзитет. При спроведувањето на инспекцискиот надзор бил направен увид во прибавената докуметација како и извршени биле разговори со присутните лица по што бил составен записник со број ИП1. -- - -- од -- и --.--.------ година во кој е констатирано дека наводите од предметната пријава биле неосновани односно, тенденциозни и со цел да се наруши угледот на предметниот Универзитет и гореспоренатиот кандидат. Исто така, при надзорот било констатирано дека нема повреди од Правилникот за упис на трет циклус на студии со посебен акцент на членовите 23 и 24 од истиот и дека предметниот Универзитет постапил согласно неговите законски акти и Законот за високо образование, по што на подносителот на пријавата му било доставено известување со прилог на Записник од утврдена фактичка состојба од спроведениот вонреден инспекциски надзор во точно утврдениот законски рок.

Државниот управен инспекторат на РСМ извести дека веќе постапиле по однос на добиена пријава која што ги содржела истите пријавени наводи при што истата ја доставиле на надлежност на Државнот просветен инспекторат од причина што пријавата содржела наводи за кои што инспекторатот немал надлежност и овластување да постапува по однос на прекршувања на законитоста на постапка за оценка и одбрана на докторски труд.

Државниот инспекторат за труд на РСМ извести дека постапил по поднесена пријава која ги содржи истите пријавени наводи за неправилности во спроведена постапка за одбрана на докторски труд и други наводи кои се однесувале на постапка уредена со Правилник за трет циклус на студии при Универзитетот „ ------- ----------“ -------- - факултет за медицински науки за горе наведеното лице, при што констатирал дека нема надлежност и овластување да постапува по наводи што се однесуваат на Законот за високо образование и подзаконските акти од тој закон, па оттаму предметната пријава била проследена до Државниот просветен инспекторат на нивна надлежност.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметните наводи и пријавените дејствија постапил друг надлежен орган кој не констатирал повреда на закон во предметната постапка, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

Доставено до:
- Подносителот на пријавата